

ИЗДАНИЕ БР.13, МЕСЕЦ ЈУНИ 2019

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ПРОЕКТ БРОЈ 1**

Реконструкција и адаптација на детска градинка во с. Возарци , воведување во работа на 13.05.2019 година а завршување најдоцна до 15.07.2019 година.

Месна заедница - Возарци

Надзор-Панчо Грков 071-219-574

Мој Општинар- Анче Костова 072-422-170

Фирма изведувач- Евро Градба-Инжинеринг





**ПРОЕКТ БРОЈ 2**

Изградба на мини пазарче кај нов суд Кавадарци, врз основа на договори започнати од 2018 година , краен рок за завршување е 25.05.2019 година.

Урбана заедница - Љубаш

Надзор - Димитар Поповски 072-314-685

Мој Општинар - Ласко Кузманов 071-328-504

Фирма изведувач - Пер Инжинеринг

**ПРОЕКТ БРОЈ 3**

Изработка на ограда на спортски центар Јасмин , по претходен договор од 2018 година , рок на завршување на 20.05.2019 година.

Урбана заедница - Љубаш

Надзор - Миленко Панарин 071 - 219-472

Мој Општинар - Тања Златева 072-307- 041

Фирма изведувач - Метал Апостолов

*Реализиран!*





**ПРОЕКТ БРОЈ 4**

Реконструкција на кров на ООУ " Димката Ангелов Габер" с.Сопот, воведување во работа на 11.06.2019 година завршување најдоцна до 11.07.2019 година .

Месна заедница - Сопот

Надзор - Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар - Димитар Радњански 071-518-397

Фирма изведувач - Евро Градба-Инжинеринг

**ПРОЕКТ БРОЈ 5**

Изведување на градежни работи за изградба на потпорни ѕидови на ул.“Ѓоре Брушански“ , ул.“Февруарски поход“ , поплочување на ул. “Страшо Пинџур“ споредна и “11та Бригада“ , воведување во работа на сите ставки од 15.05.2019 а завршување на истите на 15.06.2019 година.

Урбана заедница - Слога

Надзор - Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар - Надица Настова 070-455-867

Фирма изведувач-Мулти Градба Инжинеринг ДООЕЛ Павер Трејд



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ПРОЕКТ БРОЈ 6**

Реконструкција на кров на Дом на Култура Ваташа, воведување во работа на 13.05.2019 година, краен рок за завршување 13.06.2019 година.
Месна Заедница - Ваташа
Надзор – Добринка Алексова 071-207-741
Мој Општинар Роза Гркова 078-333-412
Фирма Изведувач – МЗТ Инжинеринг Битола

**ПРОЕКТ БРОЈ 7**

Асфалтирање на ул."Ило Костов" , ул. "Браќа Хаџи - Тефови " и ул."Рајна Соколова" ,воведување во работа на ставките од 13.05.2019 година , а завршување на истите најдоцна до 10.06.2019 година .
Урбана заедница - Браќа Џунови
Надзор - Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар - Вишна Ристовска Петров 072-307-213
Фирма изведувач - Ве - Група Радовиш





**ПРОЕКТ БРОЈ 8**

Поплочување на ул."Браќа Хаџи-Тефови" , ул."Мара Димова" , ул."Иво Лола Рибар" , ул. "Киро Каракулев" , воведување во работа на сите ставки од 15.05.2019 а завршување на истите на 15.06.2019 година .
Урбана заедница –Браќа Џунови
Надзор –Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар –Вишна Ристовска Петров-072-307-213

**ПРОЕКТ БРОЈ 9**

Асфалтирање на ул."25 Мај" и изградба на потпорен ѕид , завршување на тековните работи најдоцна до 25.05.2019 година , овие ставки се по претходен договор започнат од 2018 година.
Урбана заедница - Страшо Пинцур
Надзор - Добринка Алексова 071-207-741
Мој Општинар - Влатко Ристовски 072-314-687
Фирма изведувач - Коле Транс инжинеринг

*Реализиран!*

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



**ПРОЕКТ БРОЈ 10**

Асфалтирање на ул."Скопска" , ул."Никола Карев" и ул."Дешка Тошева" , воведување во работа сите ставки од 06.05.2019 година а завршување најдоцна до 07.07.2019 година .
Урбана заедница-Браќа Досеви
Надзор-Миленко Панарин 071 -219-472
Мој Општинар – Димитар Радњански 071-518-397
Фирма изведувач- Коле Транс Инжинеринг

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ПРОЕКТ БРОЈ 11**

Асфалтирање на ул." 2ра Бригада" , крак на ул."Солунска Глава" спој со ул. "Гоце Делчев", воведување во работа сите ставки од 06.05.2019 година а завршување најдоцна до 07.07.2019 година .

Урбана заедница – Љубаш

Надзор-Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар- Тања Златева 072-307-041

Фирма изведувач- Коле Транс Инжинеринг





**ПРОЕКТ БРОЈ 12**

Асфалтирање на паркинг кај згради на Булевар Македонија , воведување во работа сите ставки од 06.05.2019 година а завршување најдоцна до 07.07.2019 година .

Урбана заедница - Кула

Надзор- Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар - Ласко Кузманов 071-328-504

Фирма изведувач- Коле Транс Инжинеринг

**ПРОЕКТ БРОЈ 13**

Реконструкција на кров на ООУ "Димката Ангелов Габер" Кавадарци ,воведување на работа на 15.06.2019 година , завршување најдоцна до 15.07.2019 година.

Урбана заедница-Браќа Цунови

Надзор- Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар - Вишна Ристовска Петров 072-307-213

Фирма изведувач - Ибо Под Прилеп

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**ПРОЕКТ БРОЈ 14**

Тековни работи започнати врз основа на договори од 2018 година , речно корито Ваташа комплет со краен рок 15.06.2019 година , во зависност од временските услови .

Месна заедница - Ваташа

Надзор- Миленко Панарин 071 -219-472

Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар- Роза Гркова 078-333-412

Фирма изведувач- Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 15**

Поплочување на ул."Перо Видев", краен рок за завршување 30.05.2019 година

Месна заедница-Ваташа

Надзор- Добринка Алексова 071-207-741

Мој Општинар- Роза Гркова 078-333-412

Фирма изведувач- Градба Промет



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ПРОЕКТ БРОЈ 16**

Кружен тек Тиквеш , објект од јавен интерес, краен рок за завршување до 15.07.2019 година.
Урбана заедница - Љубаш
Надзор - Димитар Поповски 072 - 314 - 685
Мој Општинар - Тања Златева 072 - 307- 041
Фирма изведувач - Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 17**

Поплочување на ул. "Галишка" со краен рок до 30.05.2019 година .
Урбана заедница - Задругар
Надзор - Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар- Димитар Радњански 071-518-397
Фирма изведувач-Градба Промет





**ПРОЕКТ БРОЈ 18**

Поплочување на пешачка патека , паркинг и пристап на згради на булевар " Кочо Рацин" , булевар "Македонија" и ул."Никола Минчев" , пешачка патека кај Белка зградите , парк кај Полана и тротоар на ул."Никола Минчев", како улици во населба Јасмин , краен рок на завршување е 15.08.2019 година .
Урбана заедница – Љубаш
Надзор- Миленко Панарин 071 -219-472
Мој Општинар- Ласко Кузманов 071-328-504
Фирма изведувач- Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 19**

Асфалтирање на дел 1 ул. "Смилица", ул."Бигла", ул."Рајко Жинзифов" изградба на сервисна улица на ул."25 Мај", втора фаза пробивање и тампонирање на улици во ДУП Дисанска , изградба на сервисна на ул."Доне Попов" , воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година .
Урбана заедница-Страшо Пинџур
Надзор – Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар- Влатко Ристовски 072-314-687
Фирма изведувач-Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 20**

Асфалтирање на крак на ул. Клинска , воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година.
Урбана заедница –Киро Крстев
Надзор-Панчо Грков 071-219-574
Мој Општинар-Анче Костова 072-422-170
Фирма изведувач-Градба Промет

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ПРОЕКТ БРОЈ 21**

Асфалтирање на ул.Црноречка , воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година.
Урбана заедница –Задругар
Надзор- Миленко Панарин 071 -219-472
Мој Општинар- Димитар Радњански 071-518-397
Фирма изведувач-Градба Промет





**ПРОЕКТ БРОЈ 22**

Асфалтирање на ул.Февруарски поход, ул.Полошка , Праведничка –крак и ул. Јованче Велков, воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година .
Урбана заедница-Слога
Надзор –Добринка Алексова 071-207-741
Мој Општинар –Надица Настова 070-455-867
Фирма изведувач-Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 23**

Поплочување на ул. Клинска , овие тековни работи се врз основа на договори од 2018 година.
Урбана заедница- Киро Крстев
Надзор - Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар – Анче Костова 072-422-170
Фирма изведувач - АС Машини

**ПРОЕКТ БРОЈ 24**

Изградба на жардинерии на Западен Булевар , овие тековни работи се врз основа на договори од 2018 година .
Урбана заедница - Љубаш
Надзор - Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар - Тања Златева 072-307-041
Фирма изведувач- АС Машини

**ПРОЕКТ БРОЈ 25**

Поплочување на ул. Наќо Лазовски (две страни), ул. Смилица, ул.Дисанска и ул. Глигор Прличев, воведување во работа на сите позиции е 15.05.2019 година, краен рок за завршување 40 дена по воведувањето во работа.
Урбана Заедница - Страшо Пинџур
Надзор - Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар - Влатко Ристовски 072-314-687
Фирма изведувач - РМК Градба

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ПРОЕКТ БРОЈ 26**

Поплочување на ул. Галишка и тротоари на ул. Ѓоре Брушански, ул.Кузман Јосифовски - Питу и ул.41ва Девизија , воведување во работа на 17.05.2019 година , краен рок за завршување најдоцна до 40 дена .
Урбана заедница – Задругар
Надзор-Миленко Панарин 071 -219-472
Мој Општинар- Димитар Радњански 071-518-397
Фирма изведувач-АС Машини

**ПРОЕКТ БРОЈ 27**

Поплочување на ул. Никола Карев –споредна , воведување во работа на сите позиции е 15.05.2019 година, краен рок за завршување 40 дена по воведувањето во работа.
Урбана Заедница – Браќа Досеви
Надзор-Миленко Панарин 071 -219-472
Мој Општинар- Димитар Радњански 071-518-397
Фирма изведувач – РМК Градба



**ПРОЕКТ БРОЈ 28**

Поплочување на тротоари на ул. Методија Џунов Џико-споредна, ул. Клинска – крак, ул. Шакалица, ул. Димче Мирчев и ул. Брушанска воведување во работа на сите позиции е 15.05.2019 година, краен рок за завршување 40 дена по воведувањето во работа.
Урбана Заедница – Киро Крстев
Мој Општинар- Анче Костова 072-422-170
Фирма изведувач – РМК Градба

**ПРОЕКТ БРОЈ 19**

Асфалтирање на дел 1 ул. "Смилица", ул."Бигла", ул."Рајко Жинзифов" изградба на сервисна улица на ул."25 Мај", втора фаза пробивање и тампонирање на улици во ДУП Дисанска , изградба на сервисна на ул."Доне Попов" , воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година .
Урбана заедница-Страшо Пинџур
Надзор – Димитар Поповски 072-314-685
Мој Општинар- Влатко Ристовски 072-314-687
Фирма изведувач-Градба Промет

**ПРОЕКТ БРОЈ 20**

Асфалтирање на крак на ул. Клинска , воведување во работа најдоцна до 01 .06.2019 година.
Урбана заедница –Киро Крстев
Надзор-Панчо Грков 071-219-574
Мој Општинар-Анче Костова 072-422-170
Фирма изведувач-Градба Промет

# ТЕКОВНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ

**ФАРБАЊЕ НА ФАСАДИ**

Ве известуваме дека во наредниот период Општина Кавадарци започнува со активности за фарбање и крпење на објекти во централното градско подрачје кои се утврдени како објекти од значење за Општина Кавадарци. Започнувајќи од Домот на културата "Иван Мазов - Климе" потоа ќе се извршуваат активности на зградите на ул.7-ми Септември бр.51, ул.7-ми Септември бр.53, ул.7-ми Септември бр.13, ул. Браќа Хаџи Тефови бр.2, ул.Благој Крстиќ бр.1 ул.Фердо Росомански бр.2 (источна фасада), ул.Тиквешко Востание бр.2, ул.Илинденска бр.11 (Халк Банка), ул.Илинденска – Водостопанство Тиквеш, ул.Илинденска бр.32 (стара Палма), ул.Илинденска бр.67 (Тутунска банка), Општинска зграда (заден дел). При извршувањето на активностите, ќе бидат спроведени неопходните мерки на препазливост за заштита на граѓаните.





Општина Кавадарци целосно ја ревитализира улицата „Пано Мударов". Во последната фаза од релизацијата на проектот специјализирана екипа на ЈП „Комуналец" вршеше обележување на хоризонталната патна сигнализација. Вчера попладне ангажираната оператива заврши со поставувањето на финиот слој асвалт со што општината заокружи уште еден успешен зафат од проектот за ревитализација на главните улици во градот.
Носител на договорната обврска е градежната фирма „Бетон" од Скопје. Финансиските средства се обезбедени преку Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти, МСИП. Општина Кавадарци продолжува со реализација на овој значаен проект со кој по скоро пет децении централните и најстари улици кои се „крвотокот" на градските и регионални комуникации ќе се ревитализираат и ќе бидат многу побезбедни за одвивање на сообраќајот.

Општина Кавадарци преку ангажираната фирма во континуитет ги изведува градежните работи за реконструкција на Северен булевар.
Се работи на повеќе позиции паралелно. Во горниот дел на улицата од западната страна се поставуваат рабници и се оформува контурата на улицата. на делот кај Општа болница, се поставува системот за дренажа, а цевки за дренажа се поставуваа и на делот кај мостот на реката Луда Мара.
Екипа е ангажирана и на вадење на павер елементите од тротоарот кај спојот со улицата „Ѓорѓи Соколов" од каде ќе се започне со подигање на нивото на улицата за да се нивелира коловозот на местата каде претходно се собираше вода по обилните дождови.
Со реконструкцијата ќе следи и поставување атмосферска канализација со што повеќе нема да има проблеми со собирање на дождовницата и правење проблеми во сообраќајот.





Оперативата на ангажираната фирма „Коле транс-инжинеринг" од Штип работи на реализација на проектот за реконструкција на улицата „2ра Бригада". Според проектот на Општина Кавадарци на оваа улица предмет на реконстрикција се: нова подлога, рабници и поставување на 800м2 асфалт. Деновиве се работи на поставување на нови рабници со кои ќе се формира контурата на улицата. Претходно беше отстранета старата и дотраена асфалтна подлога како и рабниците. Реконструкцијата на улицата е на барање на жителите од овој дел на Кавадарци

Општина Кавадарци продолжува со реализација на комуналниот проект за реконструкција на тротоарите на улицата „Наќо Лазовски". Оперативата на фирмата „РМК-градба" привршува со поставувањето на бехатон плочки на тротоарот од страна на градинката. Паралелно на спротивниот тротоар се подготвува подлогата за негова реконструкција. Претходно таа ги замени старите и дотраени рабници со нови. Општината ќе ги реконструра двата тротоари со вкупна должина од 400 метри. Со овој зафат ќе се овозможи подобрена безбедност на пешаците, пред се учениците од ООУ „Тошо Велков-Пепето", како и зголемување на пропустна моќ на улицата особено во термините кога родителите со автомобили ги носат и ги превземаат децата од градинката. Паралено со реконструкцијата на тротоарите на улицата „Наќо Лазовски" општина Кавадарци реализира и проект за подобрување на јавното улично осветлување. Ангажираната фирма согласно проектот врши целосна замена на подземната електрична инсталација, и поставува нова за дополнително осветлување. На оваа улица се обновуваат постојните 6 ниски канделабри, а се поставуваат и анкери за дополнителни 5 нови столбови. На сите ниски столбови ќе се постават нови ЛЕД светилки.
Со овој зафат општината ќе го подобри јавното уилично осветлување кое се наоѓа на улица преку која се одвива комуникацијата на учениците од ООО „Тошо Белков-Пепето", како и градинката „Детелинка".



# ТЕКОВНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ



Општина Кавадарци го релизира проектот за изградба на нов„Зелен пазар“ на просторот пред „Судската палата“ во новиот центар.
На површина од 1.500 м2 се изврши бетонирање на подлогата на просторот каде ќе бидат поставени тезгите, а парарлелно се поставиа бехатон плочки на површина од 1.000 м2 на делот за паркинг простор на новиот зелен пазар. Изведувач на работите е фирмата„Пер инжинеринг“. Претходно на овој простор се изгради и санитарен јазол.
Новиот Зелен пазар се гради за потребите на времена дислокација на Градскиот зелен пазар кој Општината ќе го реконструира и осовременува. Новиот пазар ќе биде во функција се до завршувањето на работите на градскиот зелен пазар.

Сообраќајниот проект за подобрување на светлечката патна сигнализација влегува во завршна фаза. Во функција е семафорското решение на раскрсницата на„Илинденска“ со улиците„Мито Хаџи Василев-Јасмин“ и„7 Септември“.
Со работата на целосно обновените семафори на една од најпрометните раскрсници се воведе ред во норемалното одвивање на сообраќајот.
Во наредните денови се очекува во функција да се предаде и обновениот семафор кај основното училиште„Гоце Делчев“, каде се работи на поставувањето на подземната електрична инсталација.





Оперативата на фирмата„Коле транс“ од Штип асфалтираше дел од улицата„Никола Карев“ на потегот од спојот со улицата„Ресавска“ до влезот во ООУ„Тоде Хаџи-Тефов“.
Според проектот се реконструира должина од 130 метри. Претходно беше отсранет стариот и дотраен асфалт, по што се изврши порамнување со тампон.
Оваа улица се реконструира на барање на жителите, а во рамките на пролетната кампања за комунална изградба.
Улицата е особено користена од учениците во училиштетео„Тоде Хаџи-Тефов“, а со нејзината реконструкција општината обезбедува поголема безбедност како за пешаците, така и за останатите учесници во сообраќајот

Општината Кавадарци во склоп на пролетната кампања за комунална изградба ставка„Тековни и планирани проекти“ во Урбаната заедница„Љубаш“ го реализираше проектот за асфалтирање на паркинг и пристпа на згради на булевар„Македонија“. Оперативата на фирмата„Коле транс“ од Штип на претходно подготвена и тампонирана подлога постави асфалт на површина од 530 квадратни метри. Овој простор е дел од јавно прометните површини меѓу зградите на булеварите„Македонија“ и Кочо Рацин“ каде општината во минатиот период исто така асфалтираше паркинг, огради спортски терен, ги отстрани лимените гаражи и изврши хортикултурно уредување.
Во склоп на Проектот број 18, општината во наредниот период во оваа Урбана заедница ќе ги рализира и проектите: Поплочување на пешачка патека, паркинг и пристап на згради на булевар„Кочо Рацин" и бул.„Никола Минчев". Пота пешачка патека кај Белка зградите, парк„Полана“, тротоар на ул."Никола Минчев", како улици во населбата„Јасмин“.





Општина Кавадарци денеска финишираше со ревитализацијата на коловозот на улицата„Цано Поп-Ристов“.
Ангажираната оператива го реализираше поставувањето на завршнио фин слој на асвалт, во должина од 340 метри на потегот од спојот со улицата„Блажо Алексов“ до спојот со улицата„Илинденска“.
Конечниот нов изглед оваа улица ќе го добие утре откако ќе се асвалтира и изгребаната површина на раскрсницата меѓу улиците„Цано Поп-Ристов“ и „Пано Мударов“ со„Илинденска“ кај старат автобуска.
Носител на договорната обврска е градежната фирма„Бетон“ од Скопје.
Финсниските средства се обезбедени преку Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти, МСИП

# ТЕКОВНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ

Оперативата на фирмата „Павер трејд“ ги заврши градежните работи за реконструкција на споредна улица на ул„Браќа Хаџи-Тефови“. На површина од 230 квадратни метри се поставени бехатон плочки.
Согласно проектот на оваа улица прво беа извадени гранитните коцки, асе изврши порамнување со тампон на вкупна должина од 64 метри.
Реконструкцијата на улицата се изврши на барање на жителите во строгиот центар на градот кои сега добиа обновена улица.





Интензивната кампања за комунална изградба на Општина Кавадарци продолжува. Денеска започнаа работите на отстранување на стариот руиниран асвалт и тротоар на улицата „Ило Костов“ веднаш до училиштето „Димката Ангелов-Габерот“ во Кавадарци.
Изведувач на работите е фирмата „ВЕ група“ од Радовиш, која согласно проектот треба да реализира реконструкција на оваа улица на површина од 1300м2, како и изградба на тротоар со површина од 400м2. На улицата ќе се постави нов асвалт,а тротоарот ќе се поплочи со павер елементи.
Реконструкцијата на оваа улица е на барање на жителите, с до нејзината релизација придобивки ќе имаат и учениците од „Габерот“ кои многи побезбедно ќе комуницираат кон школото.



Општината Кавадарци реализираше уште една фаза од реализацијата на капиталниот сообраќајно-комунален проект за проширување на делница од транзитната улица „Западен булевар“. Ангажираната фирма изврши асфалтирање на целосно новата делница во должина од 1 километар во правец на Росоман. На терен работеа две машини асфалтерки и тоа паралелно со што работата која беше предвидено да трае два, целосно и квалитетно се заврши за еден ден.
Со овој зафат, северниот влез во Кавадарци се осовремени и продолжи од „Новата бензинска“ кон Росоман. Новата коловозна лента и тротоарите се со вкупна широчина од 16 метри, од кои коловозна лента со широчина од 12 метри, како и тротоари од двете страни на улицата секој со широчина од 2 метри. Проектот опфаќа и комплетно нова сообраќајна и светлосна инфраструктура, со што Кавадраци доби нова современа сообраќајница на влезот од северната страна од и кон автопатот Е75 од коридорот 10 кон Грција и Србија.




Општината Кавадарци во Паркот на револуцијата - алеа на борците, постави нови бисти на првоборци од НОБ.

Станува збор за 4 целосно нови бронзени бисти од кои две на народните херои: Киро Крстев и Блажо Тодоровски-Чичето, и две на првоборците Лазо Мицев-Рале и Данчо Поп-Атанасов.

Бистите се дело на академскиот вајар Кирил Мукаетов од Кавадарци.

Со овој проект општината заокружи една фаза од оформувањето на Паркот на револуцијата, особено во делот на алеата на борците од НОБ каде се поставени бистите на поголем дел од најзначајните првоборци од Кавадарци и Тиквешијата. Бистите кои претходно беа поставени на повеќе локации во градот честопати беа мета на крадци и „вандали“ кои ги крадеа и уништуваа.






# НЕ ЧЕКА ПЛОДНА



Театарот при Дом на Култура „Иван Мазов – Климе“ има бааѓи плоден период во ова тромесечие. Се случија две премиери, а на пат е и третата. Станува збор за безвременскиот текст „Волшебникот од Оз“ адаптиран и режиран од Микица Илова. Втората премира е според текст на Реј Куни „Run for your wife“ а адаптиран на Кавдаречки дијалект и во режија на Диме Коцевски под наслов „Од Кол На Кол...“

# ТЕАТАРСКА ГОДИНА



После премиерата се одиграа уште 4 реprizи пред преполна сала, каде што се бараше билет плус. Во претставата игра проверена актерска екипа, но и актери аматери кои прв пат играат во целовечерен Театарски проект. Диме Боцев, Видан Станоев, Валентина Ѓорѓиова, Ребека Малиминовска, Магдалена Атанасова, Саше Орешков и Диме Коцевски се имињата на актерите кои го донесоа новиот Театарски Хит пред Кавадаречката публика.Претставата ќе се одигра уште неколку пати пред крајот на Театарската сезона 2018/19.

# ДЕФИЛЕ СО ВЕЛОСИПЕДИ





Дефиле со велосипеди се реализираше во Кавадарци, во организација на Сојузот на училишни спортови. Во дефилето учествуваа околу 800 ученици од основните и средните училишта.
Градоначалник г-дин Митко Јанчев, кој и самиот возеше велосипед, се заблагодари за масовното учество и апелираше и понатаму да се возат велосипеди.
Тој вети дека ќе настојува во иднина, градот да има што е можно повеќе велосипедски патеки.
Свое обраќање имаше и Милан Колев, претседател на Сојузот на училишни спортови.
Тој се заблагодари за поддршката што ја имаат од локалната самоуправа.
Ѓорѓи Лазов, претседател на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот, повика почесто да се користи велосипед, со цел да се придонесе кон подобар и здрав живот и поубав и почист град.
Давате убав пример и огромен придонес за подигнување на свеста за потребата од масовно користење на велосипедот. Допринесувате за подобрување на животната средина и решавање на проблемот на паркирањето на возилата во централното градско подрачје, како и подобрување на безбедноста во сообраќајот во градот, рече Ѓорѓи Лазов.




На ден 02.06 Недела, екипата на ГФК Тиквеш 1930 од Кавадарци одигра бараж натпревар за влез во Првата Македонска лига со екипата на ФК Лабуништа со резултат од 6:3 за екипата на ГФК Тиквеш. Стрелци на головите се:2хМојсов Ѓорѓи, Иван Ивановски, Дарко Илиески, Методија Делов и Васко Митрев.
Во мошне пеколна атносвера и преполн стадион се одигра овој натпревар,со тоа што Тиквеш ја одигра улогата фаворит за овој натпревар. Шефот на стручниот штаб Љупчо Димитковски е задоволен од учинокот на неговата екипа. Исто така емоциите не можеше сокрие ни Претседателот на ГФК Тиквеш 1930 Миле Масларков и вети дека ке го одржи зборот а тоа е Влез во Првата Македонска фудбалска лига.
Со оваа утакмица екипата на ГФК Тиквеш е на чекор до Прва лига. Со тоа што наредната утакмица со ФК Силекс ке одлучи за тоа.
Исто така ги повикуваме сите подржувачи, сите Кавадарчани, Лозари да го подржат нашиот тим во последниот натпревар за оваа сезона.

ЈАВЕН ПОВИК бр.1/2019 За поднесување на барања за надоместување на дел од трошоците за набавка на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година

Врз основа на член 3 од Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела бр.08-2384/4 од 13.05.2019 година ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.36/2019) ,

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ - ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**Објавува**
**ЈАВЕН ПОВИК бр.1/2019**
**За поднесување на барања за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за набавка на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година**

### 1. Опис на Јавниот повик

1.1. Општина Кавадарци, со цел да ги стимулира жителите на Кавадарци(домаќинствата) за примена на почисто гориво и поквалитетни грејни тела за затоплување на своите домови, кои имаат повисока енергетска ефикасност и пониски емисии во воздухот, на жителите кои ќе купат енергетско ефикасни грејни тела од денот на објавување на Јавниот повик заклучно со 20.06.2019 година, ќе им надомести дел од трошоците направени при набавка на енергетско ефикасни грејни тела во висина од 50%, но не повеќе од 15.000 денари со вклучен персонален данок на доход по домаќинство.
1.2. Јавниот повик трае од денот на објавувањето од 20.05.2019 година заклучно со 20.06.2019 година
1.3. Јавниот повик ќе се реализира по принципот „јавно извлекување".
1.4.Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Кавадарци, огласна табла во Општина Кавадарци и електронските медиуми.

### 2. Право на учество на Јавниот повик:

Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на Општина Кавадарци кои ќе купат енергетско ефикасно грејни тела за затоплување на своето домаќинство (станбен објект) од денот на објавувањето на Јавниот повик до денот на завршувањето на повикот и ќе поднесат барање за надоместување на дел од трошоците за набавка на енергетско ефикасни грејни тела.
На Јавниот повик немаат право на учество жителите (домаќинствата) кои имаат станбен објект во фаза на градба и не живеат во истиот.

### 3. Услови што треба да ги исполни барателот:

3.1. Барателот треба да ги исполни следните услови:
- да е жител на општина Кавадарци;
- да нема добиено финансиски средства за набавка на енергетско ефикасни грејни тела од било кој извор во Република Македонија;
- до поднесување на барањето да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут;
- новото енергетско ефикасно тело да го купи од денот на објавување до денот на завршување на Јавниот повик и истото да биде инсталирана на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;
- само едно лице од домаќинство може да поднесе барање за добивање на надоместок.



20 ти мај се одбележува како ден на пожарникарите во Македонија. Кавадаречката протривпожарна единица се вклучи во одбележувањето. Низ улиците на градот се одржа парада на која беа претставени возилата со кои располага единицата која сега покрај со опрема е и кадровски комплетирана.
Прославата на денот на пожарникарите продолжи во противпожарната зграда каде исто така за приустните беше претставена опремата со која располага единицата.

За развојот на против пожарната единица Кавадарци, говореше Александар Чадамов. Тој нагласи дека во наредниот период ќе пристигне и нова опрема која веќе е порачана. Голема благодарност беше упатена до Градоначалникот г-дин Митко Јанчев и бизнис секторот кој безрезервно помага во современото опремување на ТППЕ Кавадарци.

За прв пат после 60 години е реновирана зградата на против пожарната единица, а и значително е подобрена опременоста со која располага. Веќе е набавена нова опрема и се очекува во наредниот период да пристигне дополнителна опрема.

Градоначалникот Митко Јанчев, честитајќи им го денот на пожарникарите нагласи дека веднаш по превзермањето на функцијата ги согледал потребите за противпожарната единица и се започнало со нејзино опремување, но и целосно реновирање на зградата која им е втор дом на пожарникарите.

Месецот е јуни, денот е 5ти, годинта е 2019. Крај на школска година, се поправат оцени, шо со учење шо со фаќање врски, матурантите се спремат за новиот чаптер од нивниот живот наречен Факултет, некои це запишат на тоа шо го сакат, некои на тоа шо мислат дека ќе го валоризират после студирањето, некои на тоа шо морат оти мама и тато така му викат (за жал виа последните најногу ги има), ама битно СИТЕ ќе се запишат. Некаде прочитав дека од цела Европа ни Македонците сме имале процентуално најногу Факултетџии по завршување на средното образование, шо не прае нај учената Нација у Европа. Или па не? Дефинитивно не, оти да се разбериме човеци, не може и не смее секој да оде на Факултет, особено ка знајме дека едвај го завршил и средното. Нејсе. Намерно а напишав горе датта, оти за некој ден иде летто, а од него сеа за сеа нема ни „Л". До душа немаше ни „П" од пролетта оти до пред некој ден уште шпоривњата и палеме, уште зимската гардероба ни е најгоре у плакарот, и највероjатно така ќе биде и за напред оти хидрометеоролозите викат дека и цел јуни ќе бил ваков, никаков. Барем по 7,8 пати у текот на денот ќе се менувало времето, и затоа некој досетлив дечко вчера напишал: Сабајле на џемпер, поручек на рамбоФка, вечерта на Тајлал Хот. Ја не су некој голем фан на топлото време, и нели ја викам дека е доста, значи стварно е доста...

ГФК Тиквеш, клубот кој обедини се живо и диво у Кавадарци. Млади, стари, жени, мажи, партиски, непартиски определени, тиа шо сакат, тиа шо не сакат спорт или фудбал у случајот, сите се со една желба, ТИКВЕШ конечно после 17 години у Прва лига. И за волја на вистината, никогаш поблиску не сме биле до остварување на ваа цел. У првиот двомеч го декласираме ФК Лабуништа со 6 : 3, и ни останува само уште една пречка до Прва лига и се вика Силекс од Кратово. Натпреварот се играе денеска, за саат ипол од сеа ка го пишам воа, и еве ќе пробам да дадам две мои типувања, ТИКВЕШ – Силекс 3 : 1 или 2 : 0...

П. С. Ракометарните херои на Вардар по втор пат у три години а покорија Европа, Ливерпул освои ЛШ, (ама пак не освои ПЛ ), Челзи е шампион у ЛЕ, а Манчестер Јунајтед мој пак остана со празни раци ама сеа со поголеми надежи за догодина...

**By КОЦЕВСКИ**

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иноватива Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk